бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk



# Почнуваме! е-Фактура: Нова ера на дигитална фискализација и борба против сивата економија!

Со полна енергија и јасна визија – започнуваме ново поглавје во дигиталната трансформација на даночниот систем.

На 27 јуни 2025 година, Управата за јавни приходи на прес-конференција го најави стартот на имплементацијата на системот за е-Фактура – нов дигитален систем за пријавување и контрола на безготовинскиот промет во реално време.

Веќе на 1 јули 2025 година се одржа и првиот координативен состанок со изведувачот, со што официјално започнаа активностите. Работиме интензивно, со фокус на ефикасна реализација и навремена поддршка за сите засегнати страни.

## ШТО Е Е-ФАКТУРА?

Системот е-Фактурата ќе овозможи **евидентирање на сите деловни трансакции во безготовинското плаќање,** преку **стандардизирани електронски фактури** кои ќе се пријавуваат во системот при нивното и здавање.
Компаниите ќе добијат **централизирана платформа** за прием и потврда на фактури, без потреба од испраќање по е-пошта или физичка достава.

## КОИ СЕ ПРИДОБИВКИТЕ ЗА КОМПАНИИТЕ?

- Елиминирање на хартиени документи и рачно книжење
- Намалени трошоци за логистика, архивирање и ресурси
- Автоматизирано книжење преку QR-код, интеграција со сопствени системи
- Поголема контрола и сигурност во деловниот промет

## ШТО ДОБИВА УЈП И ДРЖАВАТА?

- Автоматизирани проверки во реално време
- Вкрстување на прометот од фактурите со податоци од банки, царина и финансиски извештаи
- Полесно откривање фиктивни трансакции, даночни измами и сива економија (непријавени промети) преку автоматизирана анализа
- Проактивна проценка на даночните обврски на секоја компанија врз основа на реални податоци

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И КОМУНИКАЦИЈА

- Редовно информирање на јавноста и објавување на сите релевантни документи
- Консултативни фокус-групи со компании, сметководствени бироа и ИТ-секторот
- Техничка поддршка и обуки за даночните обврзници.

бул. „Кузман Јосифовски - Питу" бр. 1, 1000 Скопје
Инфо центар 0800 33 000, info@ujp.gov.mk, www.ujp.gov.mk

## КЛУЧНИТЕ ФАЗИ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА СЕ:

- Дефинирање на стандардот за е-Фактура и објавување на техничките спецификации
- Развивање на ИТ систем во УЈП, кој ќе овозможи прием, валидација и дистрибуција на фактурите
- Адаптација на ERP системите кај компаниите
- Креирање на законската и подзаконската рамка
- Пилот-тестирање со претставници од бизнис секторот, од 01.01.2026 година
- Задолжителна примена: трет квартал на 2026 година

***е-Фактура: Чекор напред кон дигиталната иднина!***

За повеќе информации на:

- www.ujp.gov.mk
- info@ujp.gov.mk
- 02/3299-500

